**20170721320**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 396 став 1 алинеја 4 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 169/15, 226/15 и 55/16), министерот за внатрешни работи во согласност со министерот за образование и наука донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ПРОВЕРКА НА СТРУЧНОТО ОСПОСОБУВАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ОСПОСОБУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ВОЗАЧИ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува Програмата за проверка на стручното оспособување за добивање на лиценца за оспособување на кандидати за возачи.

Член 2

Програмата од членот 1 од овој правилник е дадена во Прилог и е составен дел од овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.20-6959/1
26 мај 2017 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
**Пиштар Лутфиу,** с.р.

Бр. 1311-31255/1
9 мај 2017 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
д-р **Агим Нухиу,** с.р.

Прилог

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ПРОВЕРКА НА СТРУЧНОТО ОСПОСОБУВАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ОСПОСОБУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ВОЗАЧИ**

**ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ**

**А. Општи прашања:**

1. Прописи за безбедноста на сообраќајот на патиштата и
2. Значење на одделни изрази што се употребуваат во прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата.

**Б. Правила на сообраќајот:**

1. Општи одредби за поведението на учесниците во сообраќајот на патиштата;
2. Дејствија со возило во сообраќајот:

- утврдување на условите за изведување дејствија со возилото во сообраќајот;
- вклучување на возилото во сообраќајот и

- промена на начинот и правецот на движење.

3. Движење на возило по пат:
- страна на движење;
- движење на возило на пат со повеќе сообраќајни ленти;
- свртување надесно или налево;
- полукружно свртување и
- движење наназад.

4. Брзина на движењето:
- проценување на сообраќајните услови на патот и прилагодување на брзината на движењето на возилото;
- ограничување на брзината на движењето и
- опасности што настануваат поради нагло намалување, зголемување на брзината на движењето и погрешна проценка на растојанието и растојанието во движење во однос на другите возила.

5. Свртување;

6. Првенство на минување:
- при свртување налево;
- во однос на возила што се движат по шини;
- на пат што е означен со сообраќаен знак како пат со првенство за минување;
- при пресекување на велосипедска патека или лента и
- на крстосница.

7. Сообраќај на крстосница:
- поим и поделба на крстосниците;
- прилагодување на брзината на движењето на возилото;
- навремено престројување заради свртување налево или надесно и
- постапување спрема светлосните сообраќајни знаци и знаците што ги даваат униформираните полициски службеници во сообраќајот.

8. Разминување;

9. Наизменично пропуштање на возила;

10. Престигнување и обиколување:
- општи правила за престигнување и обиколување;
- начин на изведување на престигнувањето и обиколувањето на возила, пречки и другиобјекти на патот и
- опасности што настануваат поради непрописно и неправилно престигнување и обиколување.

11. Употреба на звучни и светлосни знаци за предупредување;

12. Запирање и паркирање:
- начин и услови за запирање и паркирање во сообраќајот на патот;
- забрана за запирање и паркирање;
- паркирање на паркиралиште и
- опасности на патот заради непрописно запирање и паркирање.

13. Влечење на возила;

14. Употреба на светла во сообраќајот:
- употреба на светла ноќе;
- употреба на светла дење и во услови на намалена видливост и
- потешкотии на адаптацијата на видот на нееднаквата осветленост на патот.

15. Растојание меѓу возилата;

16. Сообраќај на трамваи и на други возила на шини;

17. Сообраќај на велосипеди со мотор, лесни трицикли, трицикли, лесни четирицикли, четирицикли, мотоцикли, работни машини, мотокултиватори и запрежни возила;

18. Движење на добиток на патот;
19. Движење на пешаци по патот:
- правила за движење на пешаците;
- односот на возачите кон пешаците и
- пресекување на колона пешаци.
20. Сообраќај на премин на пат преку железничка пруга;
21. Сообраќај на автопат и на пат резервиран за сообраќај на моторно возило:
- вклучување и начин на движење;
- забрана на движење на определени категории на возила, ограничување на брзината и
- начин на запирање и полукружно свртување.
22. Сообраќај во тунел;
23. Сообраќај на возила под придружба и со право на првенство на минување и односот на возачите спрема нив;
24. Товар на возилото:
- сместување на товарот и
- означување на товарот.
25. Превоз на лица и товар со моторни и приклучни возила и со возило што го влече трактор и мотокултиватор;
26. Превоз на патници со моторно возило од "Д" категорија;
- начин на превоз на патниците (линиски, вонлиниски) и
- фактори кои влијаат на безбедноста и превоз на патниците.
27. Превоз на ученици и деца (означување на возилото и мерки на претпазливост);
28. Димензии, дозволени габарити, осовински притисоци и вкупна маса на товарните и приклучните возила;
29. Специфичноста во превозот на товарот со моторни и приклучни возила:
- сместување и прицврстување на товарот;
- означување на товарот што го преминува габаритот на возилото;
- ограничување на брзината на движењето и
- документација за превоз на товарот.
30. Превоз на лица со возила во просторот за сместување на товар:
- превоз на лица со товарни моторни возила без одобрение и со одобрение;
- опрема на возилата и контрола на техничката исправност;
- оптеретување на возилото и право на управување со возилото и
- брзина на движењето.
31. Траење на времето на управувањето со моторно возило:
- работно време, одмор на возачите;
- начин на работа на посадата на возилото и
- евиденции за спроведеното работно време, одморот и прекините на возењето.
32. Превоз на опасни материи со моторни и приклучни возила:
- класификација на опасните материи;
- услови кои што мораат да ги исполнат возилата за превоз;
- означување на возилата, уреди, прибор и опрема на возилата;
- должност на посадата на возилата и
- брзината на движењето на возилото и слично.
33. Пробно возење и сообраќај на возила со пробни таблици;
34. Вонреден превоз;
35. Уреди и опрема за товарни моторни возила и автобуси;
36. Улога и функционирање на серво управувачот, тахографот, влечниот уред за спојување на влечното и приклучното возило;
37. Проверка на техничката исправност на возилото и отклонување на неисправноста:

- пред секоја употреба;
- подготвување на возилото за посебни временски услови и долги релации и
- подготвување на возилото за редовен и превентивен технички преглед.

38. Спортски и други приредби на пат и
39. Управување со возило ноќе и под неповолни временски услови (висока и ниска температура, намалена видливост, дожд, снег, голомразица, ветер, магла, одрони на камења и слично).

**В. Сообраќајни знаци и знаци што ги даваат полициски службеници:**

1. Поим, улога и значење на сообраќајните знаци за безбедно и уредно одвивање на сообраќајот;
2. Поделба на сообраќајните знаци (вид, форма, боја, значење);
3. Знаци за опасност (форма, боја и значење);
4. Знаци за изречни наредби (група, форма, боја и значење);
5. Знаци за известување (форма, боја и значење);
6. Дополнителни табли;
7. Светлосни сообраќајни знаци и светлосни ознаки;
8. Ознаки на коловозот (видови и значење);
9. Обележување на премин на пат преку железничка пруга;
10. Обележување на работи и пречки на патот и
11. Знаци што ги даваат униформирани полициски службеници при вршење на контрола и регулирање на сообраќајот (вид, начин на давање и нивно значење).

**Г. Опасности и последици кои настануваат поради непрописно или неправилно преземање на дејствија во сообраќајот на патиштата:**

1. Пребрзо возење (движење со возило со недозволена брзина во населено место);
2. Неприлагодена брзина на движењето на возилото спрема особините и состојбата на патот, видливоста, атмосферските прилики, состојбата на возилото и товарот, густината на сообраќајот и на другите сообраќајни услови;
3. Погрешна проценка на брзината на движењето и оддалеченоста на возилата што се движат од спротивна или во иста насока пред или зад возилото;
4. Непочитување на прописите за страната на движењето;
5. Непочитување на правилата за првенство на минување на раскрсница или погрешна проценка на сообраќајната ситуација за примена на правилата за првенство на минување на раскрсница;
6. Престигнување и обиколување на пат каде што нема доволен простор за безбедно и уредно престигнување и обиколување;
7. Престигнување на возило кое се доближува кон пешачки премин или застанало пред пешачки премин заради пропуштање на пешаци;
8. Запирање на возило на коловоз, во кривина и во близина на врв на преслап, каде прегледноста е недоволна, или запирање на коловоз ноќе и без соодветно обележување и обезбедување;
9. Непочитување на сообраќајните знаци;
10. Непрописно влечење на возила и
11. Непрописна употреба на светла.

**Д. Негативно влијание на некои фактори врз безбедноста на сообраќајот на патиштата:**

1. Здравствена состојба за управување со моторно возило (акутни и хронични заболувања што имаат влијание врз способноста на возачот);

2. Нарушени психофизички особини од значење за способноста на возачот за управување со возило, острина на вид, слух, визуелно внимание, рефлекси, рамнотежа, перцепција, мислење, вештина, емоција, реакција и слично);
3. Алкохол и безбедноста на сообраќајот (степени на пијанство и нивното негативно влијание врз психо-физичките особини, функциите и однесувањето на возачот);
4. Заморот и безбедноста на сообраќајот (видови и знаци на замор, одмор, должина на траење и начин на користење на одмор) и
5. Лековите, дрогата и безбедноста на сообраќајот (штетни влијанија на определени лекови и дрогата врз психофизичките особини на возачот).

**Ѓ. Возачи на возила на моторен погон**
1. Услови за управување со возила (правни, здравствени и психофизички);
2. Оспособување на возачи на моторни возила;
3. Стекнување право на управување со возило на моторен погон;
4. Возачка дозвола;
- категорија на моторни возила за кои се издава возачката дозвола;
- важност и продолжување важноста на возачката дозвола;
- издавање нова возачка дозвола наместо загубената или дотраена;
- одземање на возачка дозвола;
- меѓународна возачка дозвола и
- превод на странска возачка дозвола.
5. Одговорност на возачите:
- кривична;
- прекршочна и
- материјална.

**Е. Уреди на моторното возило што се од значење на безбедноста на сообраќајот на патиштата:**
1. Значење на техничката исправност на возилото од аспект на безбедноста на сообраќајот на патиштата;
2. Обврска и услови за регистрација на возила на моторен погон;
3. Технички преглед на моторни и приклучни возила;
4. Исклучување на возило од сообраќај;
5. Отстранување од пат на дефектно и оштетено возило;
6. Опрема на мотоцикл (заштитен шлем);
7. Уреди за управување со возилото (улога, функционирање, пропишани услови за исправност);
8. Уреди за сопирање (улога, функционирања, пропишани услови за исправност);
9. Уреди за осветлување на патот и за давање на светлосни знаци (улога, пропишани услови);
10. Уреди за нормална видливост (улога, видови, пропишани услови);
11. Уреди за спојување на влечно и приклучно возило (улога, пропишани услови);
12. Пневматици на возило (видови, пропишани услови);
13. Сигурносни појаси (улога, значење и користење) и
14. Опрема за патнички возила и трактори.

**Ж. Хумани односи и солидарност спрема другите учесници во сообраќајот:**
1. Општествени норми (правни, технички, морални и обичајни) кои ја обликуваат сообраќајната етика;

2. Морално поведение, однесување и солидарност во сообраќајот на патиштата спрема другите учесници:
- сообраќајни средства-возила;
- патот и објектите на него и
- сообраќајните знаци и службените лица кои вршат контрола и регулирање на сообраќајот;
3. Надлежност за вршење на контрола и регулирање на сообраќајот на патиштата;
4. Посебни овластувања на униформираните полициски службеници во контролата и регулирањето на сообраќајот на патиштата;
5. Посебни односи, обврски и постапки кон немоќни лица (деца, старци, болни, изнемоштени, инвалиди, слепи и др.) и
6. Должности во случај на сообраќајна незгода:
- за учесникот во сообраќајната незгода и
- за возачи и лица кои се затекнати или наишле на местото на сообраќајната незгода.

**3. Психологија и култура во сообраќајот**

1. Човекот како фактор за безбедност во сообраќајот:
- психички процеси, особини и состојби;
- неврофизиолошки основи на доживувањето и однесувањето;
- осет;
- перцепција;
- учење;
- помнење;
- заборавање;
- мислење;
- емоции и
- мотивација.
2. Социокултурни аспекти на однесувањето во сообраќајот:
- личност – поим и структура;
- важност на особините на личноста за однесувањето во сообраќајот;
- развивање хумани односи во сообраќајот и
- сообраќаен морал.
3. Психологија на комуникација во сообраќајот:
- социјална интеракција;
- вербална и невербална комуникација во сообраќајот;
- фрустрации и конфликти и
- поим за група, групни процеси и раководење со група.
4. Нарушување на безбедноста во сообраќајот:
- влијание на надворешните фактори врз безбедноста во сообраќајот;
- влијание на внатрешните фактори врз безбедноста во сообраќајот;
- влијание на алкохолот, лековите, пушењето и наркотиците врз возачите и
- ментални растројства како фактор за нарушување на безбедноста во сообраќајот.